Универзитет „Гоце Делчев“-Штип, Правен факултет
Штип, Република Македонија

ПЕТТА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

Штип, 2018

Fifth International Scientific Conference: SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD © 2018 Copyright GoceDelcev University in Shtip, Republic of Macedonia. Address: GoceDelcev University, Shtip, Faculty of Law, ul. Krste Misirkov bb, PO box 201, 2000, Shtip, R. Macedonia. www.ugd.edu.mk;

Печати / Print2-ри Август-Штип/2- riAvgust- Shtip
Уредник:Марија Амповска, Кристина Мишева, Елена Максимова

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.42(100)(062)

INTERNATIONAL scientific conference Social change in the global worl (5 ; 2018 ; Штип)
Општествените промени во глобалниот свет : зборник на трудови / Петта меѓународна научна конференција = Social change in the global world : proceedings / Fifth international scientific conference = Социальные изменения в глобальном мире : сборник материалов / Пятый международная научная конференция. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев" - Штип, Правен факултет ; Shtip : Goce Delcev University, Faculty of law, 2018

Начин на пристап (URL): http://js.ugd.edu.mk/index.php/scgw. - Текст во PDF формат, содржи 1047 стр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 29.08.2018. - Трудови на повеке јазици. - Фусноти кон текстот. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-244-548-9

а) Општествени промени - Свет - Собири
COBISS.MK-ID 108125706

GoceDelcev University in Shtip, Faculty of Law
Shtip,Republic of Macedonia

FIFTH INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE

SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD

PROCEEDINGS

Shtip, 2018

Университетим. Гоце Делчева, Юридический факультет
Штип,Республика Македония

ПЯТЫЙ МЕЖДУНАРОДНАЯНАУЧНАЯ КОНФЕРЕНЦИЯ

СОЦИАЛЬНЫЕ ИЗМЕНЕНИЯ В ГЛОБАЛЬНОМ МИРЕ

СБОРНИК МАТЕРИАЛОВ

Штип, 2018

Организациски комитет / OrganizationalCommittee/ Организационный комитет конференции

Kristina Misheva PhD, Faculty of Law, GoceDelcev University in Shtip, Macedonia, kristina.miseva@ugd.edu.mk
Marija Ampovska PhD, Faculty of Law, GoceDelcev University in Shtip, Macedonia, marija.radevska@ugd.edu.mk
Elena Maksimova, LL.M, Faculty of Law, GoceDelcev University in Shtip, Macedonia,elena.ivanova@ugd.edu.mk
Strasko Stojanovski, PhD, Faculty of Law, GoceDelcev University in Shtip, Macedonia,strasko.stojanovski@ugd.edu.mk

Програмски комитет / ProgramCommittee/ Программный комитет конференции

Agim Nuhiu PhD, Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia, agim.nuhiu@unite.edu.mk
Alenka Verbole PhD, currently- OSCE Mission in Tirana, University of Ljubljana, Slovenia, alenka.verbole@osce.org
Ana Nikodinovska Krstevska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, ana.nikodinovska@ugd.edu.mk
Anastasia Bermúdez Torres PhD, Faculty of Law, Political Science and Criminology, University of Liege, Belgium, abermudez@ulg.ac.be
Andon Majhoshev PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, andon.majhosev@ugd.edu.mk
Belul Beqaj PhD, University of Business and Technology, Department of Political Science, Prishtina, Kosovo, belul.beqaj@gmail.com
Borka Tushevska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, borka.tusevska@ugd.edu.mk
Elena Ivanovna Nosreva PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, elena@nosyreva.vrn.ru
Gabriela Belova PhD, Faculty of Law, University “Neofit Rilski”, Blagoevgrad, Bulgaria, gbelova@hotmail.com
Gemma Andreone PhD, Institute for International Legal Studies of the Italian National Research Council (ISGI - CNR), Italy, gemma.andreone@gmail.com
Ice Ilijevski, PhD, Faculty of security – Skopje, University St. Kliment Ohridski – Bitola, iilijevski@fb.uklo.edu.mk
Igor Kambovski PhD, Faculty of Law, Goce Delchev University in Shtip, Macedonia, igor.kambovski@ugd.edu.mk
Ivana Bajakić PhD, Department of Economic Sciences, Faculty of Law, Zagreb, Croatia, ivana.bajakic@pravo.hr
Jadranka Denkova PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, jadranka.denkova@ugd.edu.mk
James C. Helfrich PhD, Global Scholars, Liberty University, Colorado, USA, jchelfrich@aol.com
Jovan Ananiev PhD, Faculty of Law, University “Goce Delcev”- Shtip, Macedonia, jovan.ananiev@ugd.edu.mk
Jovan Zafiroski, PhD, Faculty of Law, St Cyril and Methodius University in Skopje, j.zafiroski@pf.ukim.edu.mk

Kristina Misheva PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, kristina.miseva@ugd.edu.mk
Kristine Whitnable PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, kristine.whitnable@ugd.edu.mk
Maciej Czerwinski PhD, Institute of Slavic Philology, Jagiellonian University, Krakow, Poland, maciej.czerwinski@uj.edu.pl
Marija Ignjatovic PhD, Faculty of Law, University of Nis, Serbia, marija@prafak.prafak.ni.ac.rs
Migena Leskoviku Prof. Dr, University of Tirana, Albania, migena.leskoviku@gmail.com
Naser Ademi PhD, Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia, dr.naserademi@gmail.com
Natalia Vladimirovna Butusova PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, butusova@law.vsu.ru
Nikolai Baranov PhD, Baltic state technical university Voenmeh, At. Petersburg State University, St. Petersburg, Russia, nicbar@mail.ru
Nives Mazur Kumrić PhD, Faculty of Law, Political Science and Criminology, University of Liège, Belgium, nives.mazurkumric@ulg.ac.be
Novak Krstić, PhD, Faculty of Law, University of Niš, novak@praf.ni.ac.rs
Olga Koshevaliska PhD, University “Goce Delcev”- Shtip, Faculty of Law, Macedonia, olga.kosevaliska@ugd.edu.mk
Ruzica Simic Banovic, PhD, Assistant Professor, Faculty of Law, University of Zagreb, Croatia, ruzica.simic@pravo.hr
Silviu G. Totelecan PhD, Cluj-Napoca Branch of Romanian Academy, Socio-Human Research Department of "G. Baritiu" History Institute, Romania, silviu.totelecan@g,ail.com
Slavejko Sasajkovski PhD, Institute for Sociological, Political and Legal Research, University “St. Cyril and Methodius”, Skopje, Macedonia, bilbilef@isppi.ukim.edu.mk
Strahinja Miljkovića PhD, Faculty of Law, Mitrovica, strahinja.miljkovic@pr.ac.rs
Strashko Stojanovski PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, strasko.stojanovski@ugd.edu.mk
Suzana Dzamtoska Zdravkovska PhD, American University of Ras Al Khaimah,Ras Al Khaimah, UAE, suzana.zdravkovska@aurak.ac.ae
Tamara Perisin, MJur (Oxon) PhD, Department of European Public Law - Jean Monnet, University of Zagreb - Faculty of Law, Croatia, tamara.perisin@pravo.hr
Tunjica Petrašević PhD, Faculty of Law, University of Osijek, Croatia, tpetrase@pravos.hr
Wouter Van Dooren PhD, Public Administration and Management, University of Antwerp, Belgium, wouter.vandooren@uantwerpen.be
Yuriy Nikolaevich Starilov PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, juristar@vmail.ru
Zeynep Ece Unsal, PhD, Istanbul Gelisim University, Faculty of Economics Administrative and Social Sciences - Department of Political Science and International Relations, zeunsal@gelisim.edu.tr

НАМЕСТО ПРЕДГОВОР

ВОВЕДНО ОБРАЌАЊЕ НА ПРОФ. Д-Р ГАЛЕ ГАЛЕВ НА ТЕМА: „ЗОШТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И Е ПОТРЕБЕН ГРАЃАНСКИ ЗАКОНИК“

М О Т О

„Ќе ме обвинуваат утре, за апсулотизам, цезаро-папизам, автократија, догматска исклучивост. Ќе прашуваат дали во систмот што го изградив со сеење низ сито и решето на класичните списи на (Рим) го означив ли на тој начин крајот на една или токму со тоа отворив друга епоха?Тоа е прашање на политичките идеи, а нив ги има колку што сакаш и тие често предизвикуваат безаконие. Corpus iuris civilis место тоа ќе произведе правда, а права е и самото мое име: Iustinijanus. Јас немам друг избор за тоа ако треба подведете ме утре на интерпелација и обвинете ме за се што сторив, а дргите пред мене не сторија.“

Јустинијан
- Извадок од монодрамскиот спев на „Јустинијан Први“
на современиот македонски писател и драматург Јордан
Плевнеш

***

„Мојата вистинска слава не е во тоа што сум добил 40 битки. Ватерло ќе го избрише сеќавањето на толкуте победи. Она што не може ништо да го избрише , што вечно ќе живее, тоа е мојот: Code civil“

Наполеон
Токму така, поминаа повеќе од 200 години од неговото
донесување (1804 г.), а тој се уште е во сила.

***

„Ценоста на човекот не е во тоа колку живеел, туку колку и што сторил“

Народна мудрост

ЗОШТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И Е ПОТРЕБЕН ГРАЃАНСКИ ЗАКОНИК

Одговорот на овде поставеното прашање: *Зошто на Република Македонија и е потребно донесување на Граѓански Законик?* е даден во Проектот за изработка на Граѓански Законик на Република Македонија од 2009 година, кој Владата на Република Македонија го рзгледа и усвои на својата редовна седница одржана на 28.12.2010, кога ја донесе и Одлуката за формирање на Комисија за изготвување на Граѓански Законик на Република Македонија. Но, за потребите на денашната петта по ред Меѓународна научна конференција, насловена: „**Општествените промени во глобалниот свет“,** организирана од Правен факултет, при Универзитетот Гоце Делчев„ – Штип, сметам дека би бидо од полза да наведем, макар, дел од аргументите изложени во цитираниот Проект, кои одадат во прилог на тоа Република Македонија, да донесе свој *Цивилен кодекс.*

Во редот на овие аргумнети, не би требало да биде спорно, дека свое место имат и овие:

1. Македонија како дел од кругот на континенталниот европски простор, не е спорно, дека културолошки му припаѓа токму на овој простор. Оттука, ако на тој простор од древнина до денешен ден правото оставило и остава длабоки траги, кои, би рекол, имаат планетарна вредност и влијание врз вкупниот негов развој, тогаш, повеќе од обврска треба да биде, следејќи го примерот на, скоро, најголемиот број на европски земји, Република Македонија, како и тие, да вложи напор и знаење и да го кодифицира своето граѓанско право во форма на единствен Грашански законик.

2. Во контекс на изложеното по горе заслужува нагласка и фактот дака, уште, пред Христа (168 година) римското право било применувано на овие македонски простори, но и повеќе векови по Христа, прво како римско, а потоа како византиско право. Последново, посебно се однесува на *Јустинијановата кодификација* (донесена во периодот 528–534), насловена како: *Corpus iuris civilis.* Ова не можело да остане без свое влијание и во т.н. ран и развиен феудализам. Познато е дека Македонија во овој релативно долг период повеќекратно ги менувала своите господари: Византија, Бугарија и Србија. Во рамките на нивното политичко владеење, кога станува збор за правото, заслужува да се нагласи дека, покрај чисто византиското право, (*Еклогата* од 726 година, *Земјоделскиот закон*, (од крајот на 7 и почетокот на 8 век, *Синтагмата* и други прописи, најчесто измешани со граѓанскоправни и јавноправни елементи., отпочнал и процесот *на* подготвување и донесување на словенски верзии на овие правни акти. Во средновековна Србија, кога и Македонија е дел од неа, сите овие правни акти, во вид на компилација, го сочинувале *Законот на Константин Јустинијан.* Овој закон, подоцна бил придодаден кон *Душановиот Законик,* инаку, *донесен на македонско тло, во*

Скопје (1349) и дополнет, исто така, на ова тло, во градот Серес (1354), денешна Грција. При оваа кратка ретроспектива заслужува да се одбележи и фактот дека и првиот оригинален словенски закон, насловен како: *Закон судним људем (Закон за судење на лугето*), постои тврдење во историјата на правото дека бил подготвен, токму, во Македонија и тоа во времето на *Брегалничката мисија на солунските браќа Кирил и Методиј (845–855), подоцна, општо прфатени како сесловенски просветители, а денешно време прогласени од неговата светос папата Јован-Павле Втори и како граѓани на Европа.* Тоа е таа традиција, која, потикнува, но исто времено и обврзува, денешната генерација на самостојна и суверана Македонија, исто така, да го даде својот придонес во изградбата на нејзиниот правен систем и поредок, а во тој контекс и во изградбата на македонското граѓанско право, како еден од главните столбови на овој систем и поредок.

3. Обврска повеќе да се пристапи кон кодифицирање на нашето граѓанско право, гледано од аспект на денешните потреби, а посебно од аспект на глобалните процеси, во кои влегува и процесот на нашато престојно интегрирање во Европската Унија, е таа што овие потреби и процеси бараат изградба на модерен правен систем и поредок, кој би бил сообразен, а со тоа и компатибилен, (од начелно до содржинско ниво), со оној на Европската Унија и на земјите членки на Унијата, но, во контекс на нејзиниот регионален пристап, секако, пред тоа, сообразен и компатибилен, уште, и со оној на земјите кандидати за членки на оваа Унија.

4. И, без да би постоела предходнава потреба, повеќе од потребна е определбата да се заокружи процесот на внатрешна хармонизација на самото наше право. Тоа дотолку повеќе што во него се уште се препознатливи рецидиви од поранешното југословенско право, кое согласно Уставниот закон за спроведување на Уставот од 1991 годи беше прифатено да се применува како републичко. Тоа едно, и второ, по осамостојувањето на Република Македонија (1991), прифаќајќи, во основа, парцијален пристап во градењето на правниот систем, без претходно општите (системски) прашања да бдат уредени на некое начелно (општо) ниво, денес сме сведоци на мношство на парцијални закони во кои општото и посебното често се испомешани, што, секако, нивната применливост ја прават тешка и проблематична. Но, и не само тоа. Немањето на јасно дифиниран пристап во уредеувањето на правниот систем доведе и до други бројни недоследности кои се провлекуваат во постојното наше законодавство. Во редот на овие, (недоследности), посебно, би ги спомнале: *лесното и многу често изменување и дополнување на законите; уредување со подзаконски акти на прашања кои материјално можат да бидат уредени исклучиво со закон* (типичен пример на таков пропис беше, на пример, *Уредбата за продажба на изграденото и неизградено градежното зејиште*); *постоењето на контрадикторност на правни решенија од два или повеќе закони кои уредуваат исто или сличено правно прашање* (пример, прашањето поврзано со формата на договорите и

последиците во случај на нејзино непочитување *(Закон за облигациони односи*, наспроти *Закон за вршење на нотарски работи)*, или прашањето поврзано со застапувањето како правен институт (*Закон за облигацони односи, Закон за трговски друштва, Закон за процесна постапка*); Уредување на ист граѓанско-правен однос во повеќе закони без водење на доволно сметка на општата уреденост на тој однос (такв случај преставува, на пример, *Договорот за долгорочен закуп*, кој е уреден со *Законот за градежно земјиште, Законот за земјоделско земмиште, Законот за градење и* др., наспроти *Законот за облигациони односи,* во кој е уреден општиот тип на договорот за закуп, чија модификација пртставува, споменатиот договор за долгорочен закуп) и сл. Слична е состојбата и со Законот за градење, кој меѓудргото го уредува и прашањето на заедничката градба од повеќе субјекти (физички или прави) на одделен деловен или деловно стамбен објект, наспроти Законот за облигациони односи кој правно го уредува општиот тип на договорот за ортаклак (договорот за заедница).

5. Кодифицирањето на граѓанското право, од своја страна, не само што ќе помогне во изградувањето и стабилизирањето на граѓанско-правната материја, туку, тоа, од своја страна, како еден од носечките столбови на правниот систем и поредок во земјата, истовремено ќе има и свое позтивно влијание врз изградбата на останатите делови од овој систем и поредок. Ова во таа смисла што, добро правно уредената материја од доменот на граѓанското право, ќе придонесе и попречи одредени содржини некритички правно да бидаат пренесувани и уредувани во други правни подрачја, иако според својата правна природа припаѓаат на цивилно-правната област и обратно содржини од тие подрачја да бидат инкорпорирани во последнава правната област. Со еден збор, добро селектирана , систематизирана и правно уредена материјата од доменот на цивичното право во Граѓанскиот законик, еднаш за секогаш, општото ќе го разграничи од посебното и, што е посебно значајно, на приватното од јавното. Во контекс на ова, не би било никакво претерувавње, ако речем, дека и до денешенден јавното, како репрезент на јавниот интерес, со голема леснотија правно го узорпира местото кое, по природата на нештата, исклучиво и единствено, му припаѓа на приватниот интерес како репрезент на приватното. Ако нешто е посебно штетно, во услови на пазарно стопанство, за какво што се стремиме и залагаме, е токму и ваквата неретка испомешаност на теренеот на овие, во основа инкопатибилни свери: јавната и приватната.

6. Со оглед на нивото на вградено знаење и искуство (домашно и компаративно, теоретско и практично), во Граѓанскиот кодекс, не треба да биде спорно дека, тој *ќе придонесе во јакнење на правната сигурност,* и тоа, не само во доменот на приватно-правната свера, која е алфва и омега во секоја пазарно ориентирана општествено-политичка заедница, туку, уште, и во останатите домени од општественото живеење.

7. Во секој случај, една од посебно значајните вредности на кодификацијата, сватена како завршен правен чин, покрај *нејзината цивилизациска вредност*

тесно поврзана со самиот суверинитет на земјата, е и таа што со нејзиното реализирање ќе се *верифицира и потврди зрелоста и свесниот стремеж на институциите на системот во нашата земја, (посебно на: Владата, Парламентот и судството, како репезенти на извршната, законодавната и судската власт), насочени во правец на јакнење на она што значи демократско општество и владење на правото и правната држава.* Последново посебно гледано преку оптиката на судските инстанци, кои најнепосредно и ќе се служаат и го применуваат *Граѓанскиот кодекс.* Тие, имајќи го во раце овој, безпоговорно, исклучително вреден и значаен, Законик, не би било спорно дека, во неговата примена ќе се издигнат до нивото на древната, но исто толку, и сегашна парадигма: о*дењето во суд или подобро одењето кај судијата да се доживува како вистинско одење во пресрт на правдата.*

***

На самиот крај од изложените аргументи и причини кои одат во прилог на прифатениот Проект за изработка на Граѓански законик на Република Македонија од Владата на Република Македонија останува да кажеме дека изработката на овој законик отпочна во 2011 година и се уште е во тек. За одбележување е дека од двата познати системи: Институционалниот и Пандекниот, Република Македонија се определи за Пандектниот. Според првиот, (Институционалниот), правната материја во основа се уредува во три целини (лица, ствари и стекнување и заштита на правата). Од познатите кодификации, според овој систем се подготвени Corpus iuris civilis (Јустинијановата кодификација) и во модерно време францускиот Code civil. Пандектниот систем, кој е помодерен, граѓанско правната материја ја уредува по сроднос (блискос) во повеќе одделни делови. Овој систем е многу повеќе застапен на европскиот правен простор (вклучувајќи ја овде дури и една Јапонија). Прва европска кодифкација која е работена според овој сисем е Германскиот граѓански законик, (BGB), од 1896 година. Во него правната материја е поделена во пет одделни делови односно книги. Книга прва (Општ дел), Книга втора и Книга трета се посветени на облигационите и стварноправните односи, Книга четврта се однесува на Семејноправните односи и Книга петта ги уредува наследноправните односи. По негов пример е кодифицирано швајцарското граѓанско право (1911-1912), а од поновите кодификации, уште и холандската (1992), која во себе вклучува 10 одделни книги, како и Граѓанскиот законик на Руската федерација(1994).

По примерот на овие кодификации се работи и на изборката на Граѓанскиот законик на Република Македонија. Во моментот од предвидените пет одделни книги: Книга прва: Општ дел, во кој влегуваат заеднчките прашања за останатите четири книги, Книга втора:Стварноправни односи; Книга трета: Облигацоноправни односи; Книга четврта: Наследноправни односи и Книга петта: Семејноправни односи, (со исклучок на Книга втора: Стварноправни односи), подготвени се работни верзии за сите останти книги

(прва, трета четврта и петта). При ова, третата и четвртата книга се изработени во нивната петта работна верзија (по предходно водена повеќекратна јавна расправа од институциите на судскиот систем (судови, адвокатска, нотарска и комора на извршители), стопанските комори, Народна Банка, Министерство за финасии, Здружението на правниците на Република Македонија и др. За останте книги (прва и петта во подготвување е отварањето на слична јавна расправа за понудените решенија во нив. По завршувањето и на, се уште, незавршената Книга втора: Стварноправни односи и, секако, завршената јавна расправа за неа, Комисијата за изработка на Законикот ќе пристапи кон консолидација на текстовоте од петте оделни книги во единствениот текст на Граѓанскиот законик на Република Македонија. Во секој случај, како можно време за конечно завршување на сите отпочнати активности поврзани со овој кодекс може да се зема времето помеѓу крајот на 2019 и првата половина на 2020 година.

Редовен професор во пензија
д-р Гале Галев

Штип, Септември 2018 година

Содржина

LAW 7

Алексей Пауль
ФИНАНСОВЫЕ ОСНОВЫ САМОСТОЯТЕЛЬНОСТИ МЕСТНОГО САМОУПРАВЛЕНИЯ В РОССИЙСКОЙ ФЕДЕРАЦИИ 9

Anđelija Tasić
THE REPERCUSSIONS OF THE NON-SUSPENSORY EFFECT OF THE APPEAL FROM THE PERSPECTIVE OF SERBIAN COURTS 21

Андон Мајхошев, Војо Беловски, Јани Павловски
РЕЗУЛТАТИ ОД ПОСТАПКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕПРЕЗЕНТАТИВНОСТ НА СИНДИКАТИТЕ И ЗДРУЖЕНИЈАТА НА РАБОТОДАВЦИ ВО РМ (ВТОРО ПРЕБРОЈУВАЊЕ) 31

Ангел Ристов
ЗА ПОТРЕБАТА ОД ПОТЕМЕЛНО УРЕДУВАЊЕ НА ОСТАВИНАТА ВО МАКЕДОНСКОТО НАСЛЕДНО ПРАВО 51

Артур Анисимов, Вячеслав Просвирнин
О ПРЕДМЕТЕ ПРОКУРОРСКОГО НАДЗОРА ПО ДЕЛАМ О ПРЕСТУПЛЕНИЯХ НЕСОВЕРШЕННОЛЕТНИХ НА СТАДИИ ПРЕДВАРИТЕЛЬНОГО РАССЛЕДОВАНИЯ 67

Билјана Цоневска Гуњовска
КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА ПРАВАТА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ КАКО ПРЕДМЕТ НА ЗАЛОГ 79

Boris Ljubanović, Ana Đanić Čeko, Petar Grgur
THE SIGNIFICANCE OF THE REQUEST FOR EXTRAORDINARY REVIEW OF VALIDITY OF THE FINAL VERDICT IN THE PROTECTION OF SUBJECTIVE RIGHTS OF THE PARTIES IN ADMINISTRATIVE DISPUTE 95

Борка Тушевска Гавриловиќ
ПРИНЦИПОТ НА ЦЕЛОСНА ХАРМОНИЗАЦИЈА ВО ЕВРОПСКОТО ДОГОВОРНО ПРАВО 113

Валентин Пепељугоски, Ана Пепељугоска
ДОГОВОРОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА КЛАУД (CLOUD) БАЗИТЕ ВО МАКЕДОНСКОТО И СПОРЕДБЕНОТО ПРАВО 135

Vase Rusumanov, Biljana Bogdanova-Smilevska
INDICATORS AND PROCESS OF RADICALIZATION 153

Viktoria Serzhanova
THE FUNDAMENTAL PRINCIPLES OF THE CONSTITUTION OF THE REPUBLIC OF POLAND 171

Višnja Lachner, Jelena Kasap
PROBLEMS OF THE CIVIL SERVANTS SYSTEM IN OSIJEK AT THE TURN OF THE 19TH TO THE 20TH CENTURY 187

Жанета Попоска
АНАЛИЗА НА СУДСКАТА ПРАКТИКА НА КОМИТЕТОТ ЗА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ 199

Zeynep Ece Unsal, Ivica Simonovski
ANALYSING THE NEW TACTICS AND STRATEGIES OF PKK IN TURKEY? DO TERRORIST ORGANIZATIONS COPY EACH OTHER? 219

Davor Trlin
THE RIGHT OF PEOPLES TO SELF-DETERMINATION TO SECESSION: CONSTITUTIONAL AND INTERNATIONAL ASPECTS.....233

Дејан Мицковиќ, Милица Шутова
ВРШЕЊЕ НА РОДИТЕЛСКОТО ПРАВО ПО РАЗВОДОТ НА БРАК DE LEGE LATA, DE LEGE FERENDA.....247

Димитар Апасиев
КРИВИЧНИТЕ СУДЕЊА ПРЕД РИМСКИОТ СЕНАТ ВО ВРЕМЕ НА ИМПЕРАТОРОТ ТИБЕРИЈ 261

Игор Камбовски
СИГУРНОСНИ АСПЕКТИ НА ЕЛЕКТРОНСКАТА ТРГОВИЈА.....279

Ivan D. Milić, Darko T. Dimovski
LEGAL ORGANIZATION OF THE WORK OF PERSONS DEPRIVED OF LIBERTY IN SERBIA 293

Ivan Ilic, Sasa Knezevic, Jelena Veselinovic
APPLICATION OF THE PRINCIPLE OF *NE BIS IN IDEM* IN CRIMINAL MATTERS IN THE EU 303

Ivana Simonović
THE EFFECT OF PRESCRIPTION ON ENFORCEMENT PROCEEDINGS.....319

Ивица Јосифовиќ
СУДСКИОТ АКТИВИЗАМ ВО РАМКИ НА СУДОТ НА ПРАВДАТА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА: КОРИСНА КРИТИКА ИЛИ ПРЕЦЕНЕТ КОНЦЕПТ .335

Јадранка Денкова , Сузана Џамтовска Здравковска, Бранка Денкова
ВОНСУДСКА КОНТРОЛА ЗА РАБОТАТА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА-НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ 357

Jasmina Dimitrieva
PROTECTION OF MINORITY RIGHTS – A PILLAR OF A DEMOCRATIC SOCIETY.....373

Кристина Мишева, Сузана Димич
АПОРИИ ЗА ОДАНОЧУВАЊЕТО НА ЦРКВИТЕ И ЦРКОВНИТЕ ДАНОЦИ – ПРИМЕРИ ВО Р. МАКЕДОНИЈА И Р. СРБИЈА 385

Лазар Нанев, Олга Кошевалиска, Елена Максимова
БАНГКОЧКИТЕ ПРАВИЛА – LEX FERENDA ЗА ЖЕНАТА ЗАТВОРЕНИК.....399

Maja Nastić
THE CONSTITUTIONAL PROTECTION OF HUMAN RIGHTS IN SERBIA: CHALLENGES AND PERSPECTIVES 421

Марија Амповска
ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ НА ИЗВРШИТЕЛОТ ВО МАКЕДОНСКОТО ПРАВО.....437

Marko Dimitrijević
LEGAL REGULATION OF ELECTRONIC MONEY IN INTERNATIONAL MONETARY LAW 459

Milica Sutova, Ksenija Vlaškovic
LEGAL PROTECTION OF THE TRADEMARK RIGHTS IN LICENSE AGREEMENT 471

Miomira Kostić, Aleksandar Mihajlović
VICTIMIZATION ON THE LABOUR MARKET IN THE PROCES OF GLOBALIZATION 481

Наталия Бутусова
КУЛЬТУРА УПРАВЛЕНИЯ И КОНСТИТУЦИОННЫЙ ПРИНЦИП СУВЕРЕНИТЕТА НАРОДА (НА ПРИМЕРЕ РОССИИ) 499

Nerma Čolaković-Prguda
PROCESSES OF REGIONALIZATION AND GLOBALIZATION – ECONOMIC ASPECT 525

Novak Krstić
SOME DILEMMAS ABOUT THE SURVIVING SPOUSE'S LOSS OF THE RIGHT TO INHERIT THE DECEASED SPOUSE 539

Олга Кошевалиска. Елена Максимова
КРИМИНОЛОШКИ АСПЕКТИ НА УБИСТВОТО НА ДЕТЕ ПРИ ПОРАЃАЊЕ ВРШЕНО ОД СТРАНА НА ЖЕНА 561

Ристо Илиоски, Марија Амповска
ВИДОВИ НА СТЕКНУВАЊЕ БЕЗ ОСНОВА 579

Татьяна Бялкина Михайловна
НЕКОТОРЫЕ АСПЕКТЫ РАЗВИТИЯ МЕСТНОГО САМОУПРАВЛЕНИЯ В РОССИЙСКОЙ ФЕДЕРАЦИИ НА СОВРЕМЕННОМ ЭТАПЕ МУНИЦИПАЛЬНОЙ РЕФОРМЫ 595

Татьяна Сафронова
РЕФОРМА ИНСТИТУТА ИСКОВОЙ ДАВНОСТИ В ЗАКОНОДАТЕЛЬСТВЕ РОССИЙСКОЙ ФЕДЕРАЦИИ: ДОСТОИНСТВА И ПРОСЧЕТЫ 619

POLITICS 635

Ана Никодиновска Крстевска
НУТЕЛА ВЕРСУС НУТЕЛА, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВЕРСУС ФИРОМ 637

Дејан Маролов, Страшко Стојановски
ПОСТИЗБОРНИ УСТАВНИ ДИЛЕМИ И ФОРМИРАЊЕТО НА ВЛАДА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 653

Зоран Јовановски, Билјана Каровска-Андоновска
МУЛТИЛАТЕРАЛНА ДИПЛОМАТИЈА И НЕЈЗИНАТА ПОСТАВЕНОСТ СПРЕМА МЕЃУНАРОДНОТО И ДИПЛОМАТСКОТО ПРАВО 669

Iskren Ivanov
STRATEGIES AND TOOLS FOR HYBRID CONFLICTS RESOLUTION IN XXI CENTURY 685

Јорданка Галева
МОДЕЛИ НА ПОЛИТИЧКО УРЕДУВАЊЕ И МУЛТИКУЛТУРАЛНИ АСПЕКТИ ВО ШВАЈЦАРСКОТО И МАКЕДОНСКОТО ОПШТЕСТВО 705

Marin Beroš, Marta Božina Beroš
THE EUROGROUP: REFLECTIONS ON LEGITIMACY AND ACCOUNTABILITY 731

Николай Баранов
РОССИЯ И ЕВРОПА: ЕДИНСТВО И БОРЬБА ПРОТИВОПОЛОЖНОСТЕЙ ..745

Ольга Попова Валентиновна
ВЫБОРЫ С ЗАРАНЕЕ ИЗВЕСТНЫМ РЕЗУЛЬТАТОМ: МОДЕЛИ ЭЛЕКТОРАЛЬНОГО АБСЕНТЕИЗМА РОССИЙСКИХ СТУДЕНТОВ 761

Петар Поп-Арсов
ВЛИЈАНИЕТО НА РЕФОРМИТЕ НА ЕВРОПСКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВРЗ ЗАЈАКНУВАЊЕТО НА ЕФИКАСНОСТА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА.....777

Петр Смирнов
ВЛИЯНИЕ СПОРА ОБ ИМЕНОВАНИИ МАКЕДОНИИ НА ВНЕШНЮЮ ПОЛИТИКУ МАКЕДОНСКОЙ РЕСПУБЛИКИ.....801

Тони Ѓоргиев, Гоце Стоиловски
ПРИМЕНЛИВОСТА НА МЕЃУНАРОДНОТО ХУМАНИТАРНО ПРАВО ВО СЛУЧАЈ НА НУКЛЕАРНА ВОЈНА.....817

Ярослава Шашкова
ТЕНДЕНЦИИ РАЗВИТИЯ ПАРТИЙНОЙ СИСТЕМЫ В СОВРЕМЕННОЙ РОССИИ.....829

Yavor Raychev
VALERIY GERASIMOV AND DOCTRINE ON HYBRID WAR.....845

SOCIETY.....863

Драган Стефановски
УРБАНИОТ НАЧИН НА ЖИВОТ И СОЦИО-ЕКОНОМСКИТЕ (СЛОЕВИ) РАЗЛИКИ ВО ГЛОБАЛНОТО ОПШТЕСТВО 865

Македонка Радуловиќ
СЕМЕЈСТВОТО И РЕЛИГИСКИТЕ ВРЕДНОСТИ 885

Никола Амбарков
ЈАЗИК И НАЦИОНАЛИЗАМ. БУГАРСКО-МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИЧЕН СПОР ВО КОНТЕКСТ НА ПОТПИШАНИОТ ДОГОВОР ЗА ДОБРОСОСЕДСТВО МЕЃУ ДВЕТЕ ЗЕМЈИ.....915

Ranka Jeknić, Blanka Čop
CRIME AND DEVIANCE IN THE CONTEXT OF "LATE" MODERNITY AND GLOBALIZATION 941

Slavejko Sasajkovski, Ljubica Micanovska
THE DOCTRINE OF CONDOLEEZZA RICE AND NEW MIDDLE EAST TODAY 959

Страшко Стојановски, Јадранка Денкова
МИГРАЦИИ НА МЛАДИ ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: ДЕМОГРАФСКИ ПОКАЗАТЕЛИ И ПЕРЦЕПЦИИ НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ.....975

MEDIA AND COMUNICATION 989

Marija Drakulovska Cukalevska, Anica Dragovic, Tatjana Stojanoska Ivanova
NEW MEDIA AND CHANGES IN COMMUNICATION TYPES 991

Milena Yankova
MEDIA TRANSPARENCY AND ITS IMPACT ON PR ACTIVITY.....999

Plamen Atanasov
FAKE NEWS BETWEEN ARTEFICIAL INTELLIGENCE AND CREDIBILITY.1017

Сузана Џамтоска-Здравковска, Андон Мајхошев, Драган Донев
РЕГУЛИРАЊЕ НА РАДИОДИФУЗНИТЕ ПРОГРАМИ ВО МАКЕДОНСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО И ЗАШТИТА НА ДЕМОКРАТСКИТЕ ВРЕДНОСТИ И ПРИНЦИПИ 1031

LAW

Борка Тушевска Гавриловиќ
Правен факултет,
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
borka.tusevska@ugd.edu.mk

УДК.347.44.047(4-672ЕУ)
Original research paper

ПРИНЦИПОТ НА ЦЕЛОСНА ХАРМОНИЗАЦИЈА ВО ЕВРОПСКОТО ДОГОВОРНО ПРАВО

Апстракт

Предмет на проучување во овој труд претставува принципот на „целосна хармонизација“(*full harmonization*) во европското договорно право. Главната идеја на оваа истражување, е да се анализираат предностите и слабостите од имплементацијата на принципот на „целосна хармонизација“, *versus* принципот на „минимална хармонизација“, и истите да се доведат во врска со функционирањето на заедничкиот европски пазар, степенот на ефикасност на заштита на предвидените права, конкурентноста помеѓу трговците, и влијанието врз обемот и динамиката на прекуграничните трансакции.

Преку проучување на оваа прашање, идејата е да се согледа и влијанието на овој принцип врз националните законодавства на земјите-членки, влијанието врз интерпретацијата на европското право од страна на националните судови, и конечно, да се согледа неговиот вистински капацитет во создавањето на хармонизирано европско договорно право.

Структурата на трудот е конципирана согласно предметот, целта и очекуваните резултати од истражувањето. Фокусот е на директивите во областа на европското потрошувачко право, како сфера во која доминира имплементацијата на принципот на „целосна хармонизација“. Во интерес на сеопфатна анализа на поставениот предмет на истражувањето, во трудот ќе се анализираат референти пресуди на Судот на Правдата на Европската Унија (понатаму: СПЕУ).

Клучни зборови: *хармонизација, договор, потрошувач, директиви, супсидијаритет, пропорционалност*.

Borka Tushevska, PhD
Faculty of Law, University "Goce Delchev" in Shtip
Email: borka.tusevska@ugd.edu.mk

THE PRINCIPLE OF FULL HARMONIZATION IN THE EUROPEAN CONTRACT LAW

Abstract:
The subject matter in this article is the principle of "*full harmonization*" in European contract law. The main idea in studying this issue, is to analyze the advantages and disadvantages of the implementation of the principle of "full harmonization" in this area, *versus* the principle of "minimum harmonization," and, to bring them into the line with the benefits in the functioning of common European market, the degree of efficiency in the protection of contracting parties, the scope of market competitiveness on goods and services, and the impact on the volume and dynamics of cross-border transactions.
Through the examination of this issue, the impact of the "full harmonization" principle on national legislation of member states, and interpretation of EU law from national courts will be ascertained. Finally, the real capacity of this principle in procuring harmonized European contract law, will be perceived.
The structure of the article is conceived according to the subject, the purpose and the expected results from the research in this area. The focus is on the directives in European consumer law, as a filed in which the implementation of the principle of "full harmonization" dominates. To achieve a comprehensive analysis of the issue, the proper judgments of the Court of Justice of European Union (CJEU) will be analyzed.

Key words: *harmonization, contract, consumer, Directives, subsidiarity, proportionality.*

Вовед

Проучувањето на принципот на „целосна хармонизација" (*full harmonization*)[1] во Европското договорно право, ја наметна потребата од

[1] Во странската литература, за означување на принципот на „целосна хармонизација, покрај терминот "*full harmoniation*", "*total harmonization*", се употребува и терминот "*maximum harmonization*". Со оглед на фактот што разликите се само терминолошки, а суштинско е правилното сфаќање и определување на концептот, појаснуваме дека

темелно проучување како на теоретските, така и на практичните аспекти на ова проблематика. Практичните аспекти на ова прашање, генерално се однесуваат на проучувањето на релеватни пресуди на СПЕУ, статистички податоци за бројот и динамиката на прекугранични договори, обемот и динамиката на прекуграничната трговија, ставовите на потрошувачките организации итн. Тргнувајќи од нашите преференции и познавања во областа на правото, фокусот во практичниот дел ќе биде на пресудите на СПЕУ.

Имплементацијата на принципот на „целосна хармонизација“ во европското договорно право, е предмет на бројни академски критики, што повеќе или помалку, одразуваат позитивни, меѓутоа, и негативни ефекти од неговата имплементација. Последиците од имплементацијата на овој принцип, беа, и се уште сè предмет на теоретска и практична делиберација и во круговите на практичарите (адвокатската фела, потрошувачките организации итн), кои ги истакнуваат своите становишта држејќи се до практичната димензија на проблематиката.

Зародишот и експанзијата на принципот на „целосна хармонизација“ во европското договорно право, е последица на ставовите на Европската Комисија (понатаму: ЕК), дека токму имплементацијата на овој принцип ќе придонесе кон отстранување на бариерите на внатрешниот пазар, што пак е резултат на постоењето на различни правни режими во одделните земји-членки.[2] Како најголем и најмоќен поддржувач на принципот на „целосна хармонизација“, ЕК ги ефектуираше своите залагања за „целосна хармонизација“, преку усвојувањето на соодветни директиви од областа на договорното право.

Како што спомнавме и погоре, принципот на „целосна хармонизација“ доминира во областа на европското потрошувачко право, па генерално ставовите на ЕК се однесуваат на ова поле од европското приватното право. Поконкретно, принципот на „целосна хармонизација“ е имплементиран во: Директивата за правата на потрошувачите (Directive 2011/83/EU),[3] директивата

станува збор за идентичен концепт, за кој што во литературата се среќаваат различни називи, помеѓу кои доминира називот “*full harmonization*“.

2 Loos M., Full harmonization as a regulatory concept and its consequences for national legal orders. The example of the consumer rights directive, Centar for the study of European contract law, Working paper Series No. 2010/03, Amsterdam, 2010, p. 6.

[3] Оригинален назив: Directive 2011/83/EU of the European Parliament and of the Council of 25 October 2011 on consumer rights, amending Council Directive 93/13/EEC and Directive 1999/44/EC of the European Parliament and of the Council and repealing Council Directive 85/577/EEC and Directive 97/7/EC of the European Parliament and of the Council, достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=celex:32011L0083, [пристапено на 27 Мај 2018 година].

за одговорност за неисправен производ (Directive on product liability 85/374/EC)[4], директива за нечесната деловна практика спрема потрошувачите во внатрешниот пазар (Directive on Unfair commercial practices 2005/29/EC)[5], директива за временски ограничената употреба на недвижности, долгорочни производи за одмор, договори за препродажба и размена (Timeshare Directive 2008/122/EC)[6], директива за потрошувачките кредити (Consumer Credit Directive 2008/48/EC)[7].

Во преамбулите на секоја од овие директиви, или во одредбите содржани во одделни членови од директивите, експлицитно или имплицитно е предвиден принципот на „целосна хармонизација", и речиси во ниту една од нив не е пропуштена можноста да се укаже на важноста од обезбедувањето на непречено функционирање на внатрешниот пазар, во релација со имплементацијата на принципот на „целосна хармонизација". Важноста за обезбедување на „непречен пазар на стоки и услуги" не е спорна, и истата јасно произлегува и од Договорот за функционирање на Европската Унија (понатаму: ДФЕУ). Имено, уште во член 3 став 3 од ДФЕУ (поранешен член 2 од ДЕУ), предвидено е дека „унијата работи за одржлив развој на Европа врз основа на балансиран економски пораст и стабилност на цените, високо конкурентна социјална пазарна економија, чија цел е целосно вработување и социјален напредок и високо ниво на заштита и подобрување на квалитетот на животната средина." Како дополнување на ова, според член 26 став 1 од ДФЕУ (поранешен член 14 од ДЕЗ), „унијата донесува мерки чија цел е воспоставување и обезбедување на

[4] Оригинален назив: Council Directive 85/374/EEC of 25 July 1985 on the approximation of the laws, regulations and administrative provisions of the Member States concerning liability for defective products, достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/en/ALL/?uri=CELEX:31985L0374, [пристапено на 28 Мај 2018 година].

[5] Оригинален назив: Directive 2005/29/EC of the European Parliament and of the Council of 11 May 2005 concerning unfair business-to-consumer commercial practices in the internal market and amending Council Directive 84/450/EEC, Directives 97/7/EC, 98/27/EC and 2002/65/EC of the European Parliament and of the Council and Regulation (EC) No 2006/2004 of the European Parliament and of the Council ('Unfair Commercial Practices Directive'), достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=celex%3A32005L0029, [пристапено на 28 Мај 2018 година].

[6] Оригинален назив: Directive 2008/122/EC of the European Parliament and of the Council of 14 January 2009 on the protection of consumers in respect of certain aspects of Timeshare, Long-term Holiday product, Resale and exchange contracts, достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/ALL/?uri=CELEX%3A32008L0122, [пристапено на 29 Мај 2018 година].

[7] Оригинален назив: Directive 2008/48/EC of the European Parliament and of the Council of 23 April 2008 on credit agreements for consumers and repealing Council Directive 87/102/EEC, достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/en/ALL/?uri=CELEX%3A32008L0048, [пристапено на 1 Јуни 2018 година].

функционирањето на внатрешниот пазар, во согласност со соодветните одредби од Договорите“. Оттука, повеќе од јасно е дека обезбедувањето на „непречен пазар на стоки и услуги“, е високо на листата на приоритети на ЕУ, за што сепак е предвидена споделена надлежност со државите-членки.[8]

Во функција на ова е и максималната поддршка и агресивна политика на ЕК, во поглед на имплементацијата на принципот на „целосна хармонизација“ на договорното т.е., потрошувачкото право. ЕК е цврсто убедена дека реалните ефекти од имплементацијата на овој принцип ќе бидат зголемување на обемот и динамиката на промет на стоки и услуги, раст и развој на економијата, зголемувањето на конкурентноста на пазарот на стоки и услуги, изедначување на условите за работа на трговците итн. [9] Според нас, токму во контекст на оваа убедување на ЕК, заслужуваат внимание прашањата: *дали имплементацијата на принципот на „целосна хармонизација“, треба да биде стожерниот инструмент за постигнување на непречено функционирање на внатрешниот пазар на стоки и услуги во ЕУ;* понатаму, *дали приоритет во имплементацијата на принципот на „целосна хармонизација“ треба да биде обезбедување на непреченото функционирање на пазарот на стоки и услуги, или обезбедувањето на подобар статус и подобра заштита на правата на потрошувачите?* Според нас, оваа дилема се наметнува од причина што непреченото одвивање на пазарот на стоки и услуги, *per se,* не подразбира и повисоко ниво на заштита на правата на потрошувачите. Оттука, и оправданоста во проблематизирањето на ова прашање во теоретска и практична смисла.

Според нас, доволно е само теоретски правилно и прецизно да се детерминира принципот на „целосна хармонизација“, и да се проучат ефектите од неговата имплементација, за да се утврди дека овој принцип нема безрезервно да придонесе кон подобрување на статусот на потрошувачот, барем не во смисла, обем и цел што ги пласира ЕК. Имено, факт е дека имплементацијата на овој принцип ќе придонесе кон создавање на идентичен правен режим на заштита во потрошувачкиот сектор во ЕУ, меѓутоа, дали тоа подразбира дека потрошувачите во земјите-членки, па и во заедничкиот европски пазар, би имале повисоко ниво на заштита на нивните права. Ова од едноставна причина што имплементацијата на принципот на „целосна хармонизација,“ директно се одразува и врз националното законодавство на земјите-членки. Во ова смисла, во ситуација кога националното законодавство ви гарантира поголема заштита, дали идентичниот (*не секогаш и подобар*) правен режим на ЕУ, е поголема

[8] Член 4, став 2 од ДФЕУ.

[9]Smiths J.M., Full Harmonization of Consumer Law? A Critique of the Draft Directive on Consumer Rights, European Review of Private Law, Vol. 18, pp. 5-14, 2010, достапно на: https://papers.ssrn.com/sol3/papers.cfm?abstract_id=1358426&rec=1&srcabs=1802350&alg=1&pos=5, [пристапено на 11 Мај 2018 година].

придобивка за потрошувачот, споредено со поголемиот степен на заштита предвидено со националното законодавство?!

Земајќи го предвид практичното поимање на концептот на „целосна хармонизација“, како и степенот на дивергентност на правото помеѓу земјите-членки, ова не ретко ќе биде случај во секојдневните Б2Ц односи. Оваа базична дилема, *per se,* не претставува единственото и најспорното прашање што се наметнува по основ на имплементацијата на принципот на „целосна хармонизација“. Имено, според нас, во анализата на предностите и слабостите од имплементацијата на овој принцип, се наметнаа и прашањата:

-дали директивите кои ги уредуваат правата на потрошувачите, одговорноста за неисправен производ, нечесна деловна практика, потрошувачки кредити итн., треба да имаат за приоритет обезбедување на непречено функционирање на пазарот на стоки и услуги, или заштита на правата на потрошувачите во секојдневните Б2Ц договорни односи;

-каде треба да се постави границата помеѓу обезбедувањето на непречена размена на стоки и услуги на заедничкиот европски пазар, и поголемата заштита на правата на потрошувачите?

- каде е границата помеѓу обезбедувањето на унифициран правен режим на заштита на потрошувачите на заедничкиот Европски пазар и обезбедувањето на што поголема заштита на потрошувачите, типична за одделни правни системи?

-колку е прецизна и јасна формулацијата на директивите во кои е имплементиран принципот на „целосна хармонизација“, за да се нивелира опасноста од нивна различна интерпретација од страна на националните судови?

-колку се опсежни, и колку треба да бидат опсежни решенијата во директивите во кои е имплементиран принципот на „целосна хармонизација?

-дали обезбедувањето на непреченото функционирање на пазарот на стоки и услуги треба да се форсира на сметка на игнорирањето на потрошувачката култура, традиција, сфаќања и перцепции прифатени во различни земјите-членки?

- Како принципот на „целосна хармонизација“ во европското договорно право, се одразува на општите правила на договорното право во земјите-членки?

За да се елаборираат одговорите на овие прашања, нужно е во теоретска смисла да се определи поимот на „целосна хармонизација“, а во практична смисла да се елаборираат ефектите од неговата примена. Во анализата на овие прашања, не смее да се игнорира и фактот дека ингеренциите на ЕУ во создавањето на заедничката европска правна рамка, се базираат на начелата на

„супсидијарност“ и „пропорционалност“,[10] и дека истите нужно мора да се земат предвид при анализирањето на надлежностите на ЕУ, и интервенциите во националните правни системи. [11]

Во насока на ова, во преамбулата на една од најзначајните директиви од областа на потрошувачкото право, директивата 2011/83/ЕУ, во точка 65 изречно е наведено дека директивата се определува за принципот на „целосна хармонизација“, максимално почитувајќи ги начелата на супсидијаритет и пропорционалност.[12] Исклучок во поглед на ова не се ниту директивата 2005/29/ЕЗ, директивата 2008/11/ЕЗ, директивата 2008/48/ЕЗ, при што логично се наметнува дилемата: *дали со овие директиви се постигнуваат целите за кои земјите-членки немаат услови и капацитет да ги постигнат на локално ниво*? Одговорите на овие прашања првенствено ја наметнуваат потребата од теоретско поимање на двата концепти на хармонизација, анализата на нивните предности и слабости, и конечно, практичната ефектуализација на имплементацијата на истите. Во таа насока ја поставуваме и понатамошната структура во трудот.

1. Принципот на целосна (максимална) наспроти принципот на минимална хармонизација на европското договорно право

1.1. Теоретско поимање на принципот на максимална хармонизација во европското договорно право

Процесот на хармонизација на европското договорно право, се наметна паралелно со процесот на хармонизација на правото во другите правни гранки, со различна динамика и интензитет, меѓутоа, со речиси идентична цел и

[10] Според начелото на супсидијарност, во областите кои не спаѓаат во рамките на нејзините ексклузивни надлежности, Унијата постапува само и доколку целите на предложената активност не може доволно да се остварат од страна на земјите-членки, на централно, регионално или локално ниво, туку поради нивото или ефектите од предложената активност можат подобро да се остварат на ниво на Унијата. Понатаму, според начелото на пропорционалност, содржината и обликот на дејствување на Унијата нема да ги надминат границите на она што е потребно за остварување на целите на Договорите.

[11] Член 5 од ДФЕУ.

[12] Lohse E.J., The meaning of harmonization in the context of European Community law, A process in need of definition, University of Erlangen-Nörnberg, 2018, достапно на: https://www.academia.edu/3506314/ The Meaning of Harmonisation in the Context of European Union Law a Process in Need of Definition. , [пристапено на 15 Мај 2018 година].

методологија.[13] Во процесот на хармонизирање на законодавството на ЕУ, познати се два пристапа и тоа: *принципот на минимална и максимална хармонизација.*[14] Во последната деценија на 21-виот век, дискусиите за пристапот на максимална и минимална хармонизација во сферата на приватното право, доживеаја експанзија. Различни релеватни структури на ниво на ЕУ, имаат различен пристап и сфаќање кон предностите и слабостите на примената на еден од овие принципи. Помеѓу бројните пристапи, доминира сфаќањето на ЕК дека принципот на „целосна хармонизација“ ќе отстрани голем број пречки во процесот на создавањето на унифициран европски правен режим.

Анализирањето на ефектите од примената на „максимална“ и „минимална“ хармонизација, е условено од претходно определување на поимите на овие два концепти. Имено, принципот на „максимална хармонизација“ подразбира дека земјите-членки се должни да ги имплементираат решенијата од директивите што се базираат на овој принцип, на начин што нема да може да предвидат поинакви решенија од решенијата во директивите. Согласно овој принцип на хармонизирање, земјите-членки немаат ингеренции да предвидат *ниту поголема, ниту помала заштита на правата на потрошувачите*, во случај кога за тоа веќе постојат хармонизирани правила на ниво на ЕУ.

Во обидот да се објасни принципот на „целосна хармонизација“, повеќе авторитети во ЕУ истакнаа свои видувања во поглед на ефектите од примената на овој принцип, помеѓу кои и комисионерот Кунева, и тоа како: *„хоризонтална заштитна мрежа, основа и добра база за понатамошен развој.“* Според нејзините сфаќања: „*дури и најдолгите патишта започнуваат со првиот чекор*“. Па во контекст на имплементацијата на „целосната хармонизација ќе истакне: *„мора да продолжиме да одиме*“, давајќи му со тоа мултифункционален карактер на овој концепт на хармонизација.

Согледувајќи ги само одредени аспекти на функционалност на „целосната хармонизација“, не спориме дека преку имплементацијата на овој принцип се создава идентичен европски правен режим, од кој што не може да отстапува ниту една земја-членка. Во такви услови, можноста за дивергенција на националните правни режими, за аспектите за кои веќе постои хармонизирано законодавство, нема да постои.[15] Во практична смисла,

[13] Andenas M., Theory and practice of harmonization, Institute of advance legal studies, University of London, 2008, pp. 1-7.

[14] Weatherill S., Maximum versus Minimum Harmonization: Choosing between Unity and Diversity in the Search for the Soul of the Internal Market, Oxford Scholarship Online, 2012, p. 7.

[15] Види повеќе: Brozaityte E., How to Shift from minimum to maximum harmonization reflected in the proposal for the Directive on consumer rights and its legally feasible and desirable? International and European Public law, European Union Law, Tilburg University, 2009-2010, p. 18.

европските потрошувачи добиваат правна сигурност во уредувањето на прашањата за кои постои хармонизиран систем на решенија. Овие теоретски ставови во голем дел ги потврдува и судската практика. Имено, во образложенијата на СПЕУ, во однос на поднесените барања на националните судови за решавање по претходни прашања ("*preliminary ruling*"), СПЕУ во повеќе наврати потенцираше дека нема простор за отстапување од решенијата на директивите што се базираат на принципот на „целосна хармонизација". Во насока на ова е случајот *Zentrale zur Bekämpfung unlauteren Wettbewerbs eVv Plus Warenhandelsgesellschaft mbH* (Case C-304/08),[16] каде СПЕУ го применил овој концепт на националното законодавство на правилата за нечесна деловна практика, укажувајќи дека истите не може да бидат спротивни на директивата за нечесната комерцијална практика на ЕУ. Понатаму, во случајот Mediaprint Zeitungs- und Zeitschriftenverlag GmbH & Co. KG V 'Österreich'-Zeitungsverlag GmbH (Case C-540/08),[17] каде што СПЕУ, повикувајќи се на (*Plus Warenhandelsgesellschaft, paragraph 41)* потврди: „*мора да се има предвид дека директивата 2005/29/ЕЗ во целост ги хармонизира правилата поврзани со нечесната бизнис практика спрема потрошувачите, како што тоа изречно е наведено во член 4 од директивата, па, земјите-членки не смее да прифаќаат построги правила од оние предвидени во директивата, дури и со цел да се повисоко ниво на потрошувачка заштита*".[18] Во практична смисла, СПЕУ, преку бројната судска практика ги елабориираше ефектите од примената на принципот на „целосна хармонизација", потврдувајќи го како најсоодветен

[16]Достапно на :http://curia.europa.eu/juris/document/document.jsf;jsessionid=9ea7d2dc30dd6fb4cd56fa85400e9d15a37013c7bcc3.e34KaxiLc3qMb40Rch0SaxyNchn0?text=&docid=75285&pageIndex=0&doclang=EN&mode=lst&dir=&occ=first&part=1&cid=334417, [пристапно на: 12 Мај 2018 година].

[17] Reference for a preliminary ruling under Article 234 EC, from the Oberster Gerichtshof (Austria), made by decision of 18 November 2008, received at the Court on 4 December 2008, in the proceedings Mediaprint Zeitungs- und Zeitschriftenverlag GmbH & Co. KG V 'Österreich'-Zeitungsverlag GmbH, достапно на: http://curia.europa.eu/juris/document/document.jsf?text=&docid=79165&pageIndex=0&doclang=EN&mode=lst&dir=&occ=first&part=1&cid=365292, [пристапено на 13 Мај 2018 година].

[18] Во интерпретацијата на правниот режим на директивите во кои е имплементиран принцпит на „целосна хармонизација", нужно мора да се земат предвид и националните решенија на земјата-членка во врска со чие законодавство националниот суд се обраќа до СПЕУ. Види: SC Volksbank România SA v Autoritatea Naţională pentru Protecţia Consumatorilor — Comisariatul Judeţean pentru Protecţia Consumatorilor Călăraşi (CJPC). https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX:62010CJ0602, [пристапено 14 Мај 2018 година].

модел за создавање на правна сигурност, што не подразбира и модел на најсоодветна заштита на потрошувачите.

Наспроти ова, принципот на „минимална хармонизација“ на законодавството, подразбира дека земјите-членки имаат право да предвидат или да го задржат правниот режим што обезбедува повисоко ниво на заштита во однос на заштитата што е предвидена во соодветната директива, меѓутоа, никако и да предвидат одредби кои предвидуваат пониско ниво на заштита од она предвидено во соодветната директива. Преку имплементацијата на овој принцип на ниво на ЕУ, се обезбедува идентично ниво на гарантирана заштита, од кое што не може да отстапат националните законодавства. Во практична смисла, тоа подразбира дека и во случаите кога заштитата е минимална, е гарантирана во цела ЕУ.

Во национални рамки, потрошувачите може да имаат подобар систем на заштита, што отстапува од решенијата на директивите со „минимална хармонизација“, меѓутоа, во други правни системи, решенијата од директивата може да предвидуваат и повисок степен на заштита. Последново зависи од степенот и обемот на заштита што го предвидуваат националните законодавства на земјите-членки. Оттука, за различни правни системи, имплементацијата на принципот на „минимална хармонизација“ создава различни правни реперкусии за потрошувачите.

Зачетоците на амбициите на ЕУ за имплементација на принципот на „целосна хармонизација“, во сферата на договорното потрошувачко право, се содржани во стратегијата за заштита на потрошувачите од 2002-2006 година.[19] Настојувањата на ЕК за имплементација на овој принцип, продолжува и во Стратегијата за потрошувачката политика 2007-2013[20] и Зелената книга за прегледување на потрошувачкото законодавство.[21] Во образложенијата на ЕК за предностите на „целосната хармонизација“, помеѓу другото, се истакнува и потребата од отстранување на фрагментираниот пазар на стоки и услуги, т.е., редуцирање на големите прекугранични трошоци на размена на стоки и услуги, зголемување на конкурентноста помеѓу трговците итн. Според образложенијата, ова состојба во најголем дел е последица на имплементираниот принцип на минимална хармонизација во областа на договорното потрошувачко право. Сепак, во литературата се застапени и становишта според кои потрошувачкиот

[19] Brozaityte E., *op. cit.*, p. 10. Стратегијата е достапна на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=LEGISSUM%3Al32008, [пристапено на: 11 Мај 2018 година].

[20] Достапна на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=LEGISSUM%3Al32054, [пристапено на: 10 Мај 2018 година].

[21] Оригинален назив: Green Paper on the Review of the Consumer Acquis, достапно на: http://www.europarl.europa.eu/sides/getDoc.do?pubRef=-//EP//TEXT+REPORT+A6-2007-0281+0+DOC+XML+V0//EN, [пристапено на 10 Мај 2018 година].

сектор во никој случај не треба целосно да се препушти на правниот режим на ЕУ, базиран на „целосна хармонизација.“[22] Поинаку кажано, во реалноста, „целосното хармонизирање“ може да придонесе и кон редуцирање на заштитата на потрошувачите во одредени земји, додека, во други, може да придонесе кон зголемување на нивото на заштита.[23]

Според нас, ваквите тврдење нужно треба да бидат базирани на релеватна судска практика, или на други соодветни параметри, кои повеќе или помалку ќе манифестираат реални показатели за состојбата од имплементацијата на овој принцип. Базирајќи се на судската практика, перцепцијата за ефектите од примената на принципот на „целосна хармонизација“ дивергира. Во контекст на ова, споените случаи VTB-VAB NV v Total Belgium NV and Galatea BVBA v Sanoma Magazines Belgium NV (*joined cases C-261/07* и *C-299/07,*[24] каде СПЕУ констатирал дека „*забраната за споени (комбинирани) понуди согласно белгиското право, е некомпатибилна со директивата за нечесна деловна практика во бизнис-потрошувачките односи.* Во точка 43 од образложението, СПЕУ ќе истакне дека „*земајќи го предвид дејството на принципот на „целосна хармонизација, земјите-членки не смеат да предвидат мерки кои се поригорозни од оние кои се предвидени во директивата за нечесна деловна практика* (Directive 2005/29/EC), *дури и во ситуација кога се однесува на повисок степен на заштита на потрошувачите*“.

И покрај референтноста на судската практика во поглед на расчистувањето на ова прашање, во одредени случаи повикувањето на истата не ги расветлува спорните прашања, дилеми и проблеми кои се јавуваат при интерпретацијата на ефектите од минималната и максималната хармонизација на законодавството. Во контекст на ова заслужува внимание случајот Philip Morris Brands SARL and Others v Secretary of State for Health Request (*C-547/14*)[25], во врска со полноважноста на директивата (Directive 2014/40/EU/),[26] за

22 Smiths J.M., *op.cit.,* p. 9.

23 Види повеќе за ставовите на релеватни организации и институции на ниво на ЕУ во поглед на ова прашање: https://publications.parliament.uk/pa/ld200809/ldselect/ldeucom/126/12606.htm#note23, [пристапено на: 11 Мај 2018 година].

24 Види: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A62007CJ0261, [пристапено на: 10 Мај 2018 година].

25 Види: Philip Morris Brands SARL and Others v Secretary of State for Health Request for a preliminary ruling from the High Court of Justice, Queen's Bench Division (Administrative Court), достапно на: http://curia.europa.eu/juris/liste.jsf?num=C-547/14, [пристапено на 10 Мај 2018 година].

26 Оригинален назив: Directive 2014/40/EU of the European parliament and of the council of 3 April 2014, on the approximation of the laws, regulations and administrative provisions of the Member States concerning the manufacture, presentation and sale of tobacco and related

усогласување на законите и административните прописи на земјите-членки, што се однесуваат на производството, претставувањето и продажбата на тутун и слични производи, и укинување на директивата 2011/37/ЕУ. Имено, во случајот С-*547/14,* или познат во теоријата како *Philip Morris case,*[27] како спорно прашање се наметнува интерпретацијата на член 24 од Директивата 2014/30/ЕУ, поточно став 2 и 3 од член 24 на директивата, а во врска допуштеноста во националното законодавство да се предвиди „дополнителни барања" во поглед на пакувањето на тутунските производи во интерес на јавното здравје.[28] Според член 24 став 2 и 3 од директивата, земјите земјите-членки може да усвојат „дополнителни барања" во врска со стандардизацијата на пакувањето на тутунските производи, во интерес на јавното здравје, што според Philip Morris го доведува во прашање ефектот на хармонизација преку директивата.

Според образложението на СПЕУ, можноста да се предвидат „*дополнителни барања*" во законодавствата на земјите-членки, се однесува само прашањата кои не се уредени со директивата 2014/30/ЕУ.[29] Анализирајќи ја содржината на член 24 став 2 и 3 од директивата 2014/30/ЕУ, а земајќи го предвид и фактот дека директивата 2014/30/ЕУ не се базира на принципот на „целосна хармонизација", ни се чини дека од решението содржано во член 24 став 2 и 3 неможе со сигурност да се извлече заклучокот на СПЕУ. Од друга страна, нѐ се непознати случаите од практиката во кои што СПЕУ, по основ на принципот на „минимална хармонизација," го оправдува предвидувањето на национални стандарди кои ги надминуваат хармонизираните решенија

products and repealing Directive 2001/37/EC. Достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/HTML/?uri=CELEX:32014L0040&from=en, [пристапно на 11 Мај 2018 година].

[27] *Philip Morris,* Case C-547/14, Reference for a preliminary ruling — Approximation of laws — Directive 2014/40/EU — Articles 7, 18 and 24(2) and (3) — Articles 8(3), 9(3), 10(1)(a), (c) and (g), 13 and 14 — Manufacture, presentation and sale of tobacco products — Validity — Legal basis — Article 114 TFEU — Principle of proportionality — Principle of subsidiarity — Fundamental rights of the European Union — Freedom of expression — Charter of Fundamental Rights of the European Union — Article 11 Види: http://curia.europa.eu/juris/document/document.jsf?text=&docid=177724&pageIndex=0&doclang=EN&mode=lst&dir=&occ=first&part=1&cid=262868, [пристапено на 1 Јуни 2018 година].

[28] Во овој случај до СПЕУ беа упатени 7 прашања кои допираа повеќе аспекти на проблематиката, сепак, во интерес на главното прашање што го проучуваме, ќе се задржиме единствено на образложението на СПЕУ во однос на решенијата од член 24 став 2 и 3 од директивата 2014/40/ЕУ.

[29] Ова образложение на Судот на Правдата на ЕУ, наидува на воодушевување од страна на Европската Комисија. Види повеќе: https://europeanlawblog.eu/2016/10/04/news-from-minimum-harmonisation-how-the-tobacco-advertising-cases-shape-the-law-of-the-internal-market/, [пристапно на: 11 Мај 2018 година]

предвидени во соодветната Директива (Case C-593/13). [30] Во насока на ова е случајот Presidenza del Consiglio dei Ministri and Others v Rina Services SpA, Rina SpA, SOA Rina Organismo di Attestazione SpA, и бројни други кои ги рефлектираат ефектите од принципот на „минимална хармонизација.“[31]

Практиката на СПЕУ претставува ризница на случаи преку кои се елаборираат предностите и слабостите од имплементацијата на принципот на „максимална“ и „минимална“ хармонизација. Во бројните судски образложенија се среќаваат и бројни неусогласености, што укажува на потребата од дополнителни истражувања и податоци во поглед на ефектите од принципите на хармонизација. Покрај ова, според нас, загрижува и фактот што во директивите се среќаваат општи (генерални) клаузули, кои бараат дополнителна интерпретација од страна на националните судови, а со тоа ја наметуваат потребата од поднесување на барања за одлучување по претходни прашања. Од тука и опасноста од генерирање на неусогласена судска практика. Како дополнување на ова, не смее да се игнорира и постоењето на неусогласената судска практика во рамките на националните судови, што дополнително ги комплицира состојбите во сферата на хармонизацијата на законодавството.

2. Предностите и слабостите на принципот на целосна хармонизација во сферата на европското договорно право

Во теоријата и практиката на европското договорно право, се среќаваат различни ставови во поглед на предностите и слабостите од имплементацијата на принципот на „целосна хармонизација“. Овие ставови се конципираат зависно од категоријата на интересенти која што го проучува прашањето, од приоритети чие остварување е предвидено со имплементацијата на овој принцип, и од аспектите од коишто се разгледува ова проблематика. Имено, во

[30] (Request for a preliminary ruling — Articles 49 TFEU, 51 TFEU and 56 TFEU — Freedom of establishment — Connection with the exercise of official authority — Directive 2006/123/EC — Article 14 — Bodies responsible for verifying and certifying that undertakings carrying out public works comply with the conditions laid down by law — National legislation providing that the registered office of such bodies must be situated in Italy), достапно на: http://curia.europa.eu/juris/document/document.jsf?text=&docid=165056&pageIndex=0&doclang=EN&mode=lst&dir=&occ=first&part=1&cid=282397, [пристапено на 11 Мај 2018 година].

[31]Weinzierl J., Weissenmayer J., News from Minimum Harmonisation: How the Tobacco Advertising Cases Shape the Law of the Internal Market, 2016, достапно на: https://europeanlawblog.eu/2016/10/04/news-from-minimum-harmonisation-how-the-tobacco-advertising-cases-shape-the-law-of-the-internal-market/, [пристапно на 15 Мај 2018 година].

ситуација кога приоритет во преземањето на одредени мерки на дејствување е отстранувањето на бариерите во прекуграничните односи т.е., зголемување на обемот и динамиката на размена на стоки и услуги, во втор план доаѓа заштитата на правата на потрошувачите, и обезбедувањето на сеопфатен правен режим на заштита за граѓаните на ЕУ. Во одредени теоретски образложенија пак, токму овие приоритети се поставуваат во една линија.[32] На пример, според образложенијата на ЕК, имплементацијата на принципот на „целосна хармонизација“ ќе придонесе кон обезбедување на непречен внатрешен пазар, истовремено и заштита на правата на потрошувачите. Овие ставови пак од друга страна, не кореспондираат со ставовите на потрошувачите организации во ЕУ, адвокатите од областа на потрошувачкото право, судовите, па и ставовите на различни земји-членки.[33]

Како дополнување на ова стојат и економските анализи спроведени во врска со предностите и слабостите од имплементацијата на принципот на „целосна хармонизација.“ Спроведените економски анализи се базираат на повеќе релеватни фактори за процесот на хармонизацијата на законодавството во ЕУ.[34] Оттука, предвид се земаат влијанијата врз конкурентноста на пазарот, отвореноста на националните пазари спрема странските трговци (инвеститори), влијанието врз однесувањето на локалните (националните) трговци, потрошувачките преференции на европските граѓани и на локалните потрошувачи, потрошувачката култура, традиција и перцепција спрема стоки и услугите што се користат на локално ниво, итн.[35]

Како што спомнавме и погоре, ставовите генерираат и варираат зависно од категоријата на интересенти која што го анализа прашањето. Во ова смисла, поддршка во поглед на имплементацијата на овој принцип постои од страна на бизнис секторот, како и од страна на критичарите на Регулативата Рим 1, според кои унифицирањето на одредени аспекти ќе придонесе кон редуцирање на потребата од примената на Рим 1 Регулативата во Б2Ц односите.[36]

---

[32]Tudor J., Consumer protection and the free movement of goods in the European Union: The ability of member-states to block the entry of goods across borders, Houston Journal of International Law, Vol.39:3, 7/18/18, pp. 627-643.

33 Loos Marco, B., *op.cit.*, p. 7.

[34] Wagner G., The economics of Harmonization, The case of contract law, 39., 995., Common Market law review, HeinOnline, 2002, pp. 995-1023.

[35] Gomez F., Ganuza J.J., An economic analysis of harmonization regime: Full harmonization, minimum harmonization or optional instrument? European Review of Contract law, Degruyter.com, 2011, pp. 22.

[36] Оригинален назив: (Regulation (EC) No 593/2008 of the European Parliament and of the Council of 17 June 2008 on the law applicable to contractual obligations (Rome I), достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/ALL/?uri=CELEX%3A32008R0593, [пристапено на 12 Мај 2018 година].

Поинакви се ставовите на Европската организација за заштита на потрошувачите (понатаму: ЕОЗП). Според ЕОЗП, правото на повлекување од договорот и нечесните договорни клаузули не треба да бидат предмет на целосна хармонизација. [37]

Сериозни критики во поглед на слабостите на имплементацијата на принципот на „целосна хармонизација“ беа упатени и од страна на владини претставници на одделни земји-членки. Имено, францускатa влада, базирајќи се на практиката на СПЕУ, во поглед на имплементацијата на директивата 2005/29/ЕЗ ќе истакне дека „потенцијалот за целосна хармонизација, доколку не е прецизно и јасно што покрива, може да биде многу сериозен и опасен“. Исто така, ставовите на британскиот институт за трговски стандарди и на британската канцеларија за чесно тргување, според кои „целосната хармонизација треба да се има поддршка, меѓутоа, треба да биде јасно дека токму истата ќе го намали нивото на заштита на потрошувачите, под тоа што сега е предвидено со принципот на минимална хармонизација.[38] Според нас, ставовите во поглед на оваа прашање нужно треба да се базираат на претходно спроведено практично истражување, и тоа како во потрошувачкиот сектор, така и во бизнис секторот, и на база на судската практика. Дотолку повеќе што генерални ставови кои би се однесувале на сите директиви, не треба и не смеат да се заземаат. Ова од причина што секоја од нив опфаќа различни аспекти на уреденост, и зависно од тоа може да се ценат предностите и слабостите од имплементацијата на „целосната хармонизација“.

3. Принципот на целосна хармонизација од перспектива на директивите на европското договорно право

Принципот на „целосна хармонизација“ во европското договорно право, доминира во потрошувачкиот сектор. Најголем дел од хармонизираното законодавство во приватното право на ЕУ, се однесува на Б2Ц договорите. Како најеклатантни примери на директиви, во врска со кои што се јавија бројни контроверзии, прашања, дилеми и судски спорови, се вбројуваат директивата 2011/83/ЕУ и директивата 2005/29/ЕЗ, базирани на принципот на „целосна хармонизација“. Ни се чини, без темелно да се анализираат аспектите што ги уредуваат овие директиви, обемот кој што го опфаќаат, и последиците од имплементацијата на принцип на „целосна хармонизација“, ни се чини

[37] Види повеќе: The European consumer organization, Fitness check of EU consumer law, 2016, pp. 1-18.

[38] Види: https://publications.parliament.uk/pa/ld200809/ldselect/ldeucom/126/12606.htm#note23, [пристапено на 14 Мај 2018 година].

несериозно и опасно заземањето на каков било став во поглед ефектите од нивното усвојување, што е новитет во однос на претходните директиви од ова област.

Според нас, повеќето од овие дилеми се однесуваат на интерпретацијата на самиот принцип на „целосна хармонизација“. Конкретно, во врска со директивата 2011/83/ЕУ, на мислење сме дека истата дава соодветни одговори на повеќето прашања кои се наметнаа во практиката. Ваквото становиште го базираме на фактот што уште во преамбулата на директивата, јасно е наведено кои аспекти на Б2Ц односите се опфатени со неа, што е допуштено на уредување на земјите-членки, што е целосно хармонизирано со директивата, а што не, итн. Поконкретно, во директивата јасно е наведено дека се однесува само на Б2Ц односите, со можност земјите-членки сами да одлучат за проширувањето на обемот на нејзината примена и на другите договорни односи (пример: Б2Б договорите, договорите во кои како странки се јавуваат невладини организации итн).

Во преамбулата од директивата предвидено е дека таа нема влијание врз националните решенија на договорното право, за аспекти за кои таа не предвидува решенија (*полноважноста, склучувањето, правното дејство на договорите итн*). Во точка 13 од преамбулата, директивата расчистува едно често оспорувано прашање и тоа: дали за прашањата за кои директивата предвидува решение, допуштено е да се предвиди поинаков правен режим во националното законодавство. Во суштина, прашањето би имало поголема практична вредност доколку се дополни и тоа: дали поинаквиот правен режим вклучува и „построг режим“ на уредување. Одговорот произлегува од решението на член 4 директивата, каде јасно е утврдено дека „земјите-членки не смеат да задржат или да предвидат во националните законодавства одредби кои се различни од решенијата на директивата, вклучувајќи *повеќе или помалку* строги правила за да обезбедат различно ниво на заштита на потрошувачите, освен ако поинаку не е предвидено во директивата.“

Со оглед на опсежноста на прашањата што ги уредува директивата, во практична смисла, тоа прашање би се однесувало само на аспекти кои не се однесуваат на договорите за продажба на далечина и договори склучени надвор од деловните простории на бизнис субјектите, или на прашања кои се однесуваат на формата, правното дејство, интерпретацијата, за што директивата се има изјаснето.

Дури и во случаите кога се наметнуваат прашања што директивата не ги уредува, јасно е утврдено дека „земјите членки исто така може да задржат или да имплементираат решенија за прашања кои не се уредени со директивата, како што се дополнителни правила за договорите за продажба, вклучувајќи испорака на стоката, барања кои се однесуваат на добивањето на информации за време на траењето на договорот.“ Оттука, во поглед на нивото на хармонизација, ни се

чини член 4 сеопфатен и јасен, со исклучок на сентенцата „*освен ако поинаку не е предвидено со директивата*“, за кој што сметаме дека е непотребен, со оглед на фактот што директивата изречно ги предвидува исклучоците.[39]

Во низата директиви што се базираат на принципот на „целосна хармонизација, спаѓа и директивата 2005/29/ЕЗ, која се однесува на нечесната деловна практика на бизнис субјектите спрема потрошувачите. Токму во поглед на ова проблематика, најбогата е и судската практика на СПЕУ. Дилемите кои се јавуваат на ова поле, најчесто се однесуваат на тоа дали директивата 2005/29/ЕЗ забранува примена на конкретен национален правен пропис, за кои националниот суд поставил претходно прашање. Во поглед на прашањата кои што ги уредува директивата, скоро и да нема дилеми. Имено, во целта на директивата 2005/29/ЕЗ, јасно е утврдено дека истата се однесува на усогласувањето на правниот режим за заштита на потрошувачите од нечесната деловна практика која што штети на економските интереси на потрошувачите. Во контекст на принципот на хармонизација, битно е да се истакне дека директивата го имплементира принципот на „целосна хармонизација“, изречно предвидувајќи ги аспектите на материјата кои што на земјите-членки им се допуштени за регулирање. Во насока на ова, во точка 15 од преамбулата на директивата, предвидено е дека земјите-членки може да задржат или да предвидат нови барања во поглед на информирањето во договорните односи, кога тоа е допуштено со клаузулите кои се базираат на минимална хармонизација во постојното заедничко право. Кога тоа го допуштаат клаузулите базирани на „минималниот принцип“ на хармонизација на правото на заедницата, земјите-членки можат да ги задржат или да воведат построги одредби во согласност со правото на заедницата, а со цел да постигнат повисок степен на заштита на поединечни договорни права на потрошувачите.

Целосна хармонизација на законодавството на ниво на ЕУ, предвидено е и во договорите склучени на принципот на „timeshare“ (Timeshare 2008/122).[40] Според овој принцип, земјите-членки мора целосно да се усогласат со решенијата од директивата, и не смеат да задржат или предвидат одредби кои не кореспондираат со истата (точка 3 од преамбулата на директивата 2008/122/ЕУ). Во согласност со правото на заедницата, а во врска со прашањата за кои директивата не предвидува решенија, земјите-членки можат да предвидат други или да ги задржат поинаквите решенија. Иако станува збор за еден генерален концепт кој што важи секаде каде што е предвиден принципот на „целосна хармонизација“, според нас, битно е прецизирањето на овие можности, од причина што истите во практиката може да создадат забуна. Ова особено во

[39] Види повеќе: Puglia M., The full harmonization directives, International conference, Budapest, 2015, p. 5.
[40] Точка 3 од преамбулата на Директивата 2008/122/ЕУ.

поглед на делот, дали поинаквиот режим вклучува и построг режим на заштита на правата на потрошувачите.

Во процесот на поместување на принципот на минимално кон максимално хармонизирање на потрошувачкото право, влегува и директивата за потрошувачките кредити (2008/48/ЕЗ). Од аспект на имплементацијата на принципот на „целосна хармонизација“, ни се чини ова директива најпрецизна. Ова од причина што директивата 2008/48/ЕЗ, за сите предвидени допуштање на земјите-членки, наведува конкретни примери, и со тоа ја избегнува потенцијалната опасност од различното интерпретирање на решенијата што е, а што не допуштено за уредување на земјите членки.

Заклучок:

Од истражувањето спроведено врз теоретските и практичните ресурси што ни беа на располагање, а во поглед на главните прашања што ги поставивме во воведните аспекти на трудот, првично констатираме дека во имплементацијата на принципот на „целосна хармонизација“ на договорното право, ЕК, дава повеќе значење на обезбедувањето на „*непречено функционирање на европскиот пазар на стоки и услуги*“, во однос на обезбедувањето на „*подобар и посигурен правен статус на потрошувачите*“. Според нас, позициите во поглед на ефектите од имплементацијата на овој принцип треба да бидат спротивни. Имено, неспорни се позитивните ефекти за потрошувачите од зголемувањето на достапноста на стоките и услугите на заедничкиот европски пазар, како и обезбедувањето на правната сигурност и стабилност во поглед на остварувањето на потрошувачките права, меѓутоа, според нас, директивите кои се однесуваат на заштитата на правата на потрошувачите, за главна цел треба да имаат обезбедување на „*повисоко ниво на заштита на нивните права*“.

Имплементацијата на принципот на „целосна хармонизација“ обезбедува унифициран правен режим, кој што рефлектира правна сигурност, зголемување на обемот и динамиката на прекуграничните Б2Ц односи, поголема достапност на стоки и услугите на европскиот пазар. Тоа сепак не значи и обезбедување на повисоко ниво на заштита на потрошувачките права. Ова како последица на тоа што одредени правни системи, под влијание на принципот на „целосна хармонизација“, мораа да направат отстапување од повисокото (национално) ниво на заштита, за сметка на имплементацијата на нивото што го предвидува европскиот режим. Според нас, ова состојба отвора бројни други дилеми кои вклучуваат потреба од анализа на обемот на националните пазари на стоки и услуги, динамиката и обемот на Б2Ц односи на европските потрошувачи, потрошувачката култура, капацитет и традиција на националните потрошувачи, т.е локалните трговци, степенот на дивергенција на права на потрошувачите прифатен во земјата-членка, итн. Сите овие фактори влијаат на

реалните ефекти од имплементацијата на „целосната хармонизација“ и не треба да се игнорираат.

Како што презентиравме и во главниот текст, а на база на теоријата и судската практика што ја консултиравме, на мислење сме дека прифаќање на принципот на „целосна хармонизација“ во европското договорно право не треба да биде безрезервно. Поточно, ни се чини дека овој принцип не претставува најсоодветен модел за хармонизација на приватното право. Ефектите од истиот не ги спориме, меѓутоа сметаме дека моделите на хармонизација треба да се одбираат со особено внимание, зависно од подрачјето што се хармонизира, аспектите што се земаат предвид, условите и состојбите во националните системи, и бројните други фактори од економска, социолошка, психолошка, конституционална и надлежна природа. Во контекст на ова, сметаме дека на полето на договорното т.е., потрошувачкото право, имплементацијата на принципот на „целосна хармонизација“ нема да ги оствари резултатите кои ги очекува и пласира Европската Комисија. Впрочем тоа се покажа и преку досегашните истражувања, кои се почесто ги презентираат негативните ефекти, и укажуваат на слабостите од истото.

Според нас, неспорно е дека имплементацијата на принципот на „максимална хармонизација“ придонесува кон унифицирање на едно ниво кое обезбедува сигурност за потрошувачите и трговците, го отвора пазарот и ја зголемува конкурентноста, ги редуцира бариерите во поглед на трговските и потрошувачките зделки итн., меѓутоа, во никој случај тоа не треба да биде по цена на намалување на нивото на заштита на потрошувачите во националните пазари, или треба да биде само за аспекти кои дефинитивно имаат предимство во европски *versus* национален контекст. Ова не е случај со сите директиви од областа на договорното право, што е евидентно од самите преамбули на директивите, а и од практиката на СПЕУ. Како што согледавме и од конструкциите на решенијата на директивите, едни повеќе, а други помалку се јасни во поглед на тоа што, колку и во кој дел е допуштено да уредат земјите-членки. Точно е дека по дефиниција поимањето на концептот на „целосно хармонизирање“ е јасно и универзално применливо, меѓутоа, точно е и дека самата судска практика паралелно со ова, не секогаш генерира унифицирана практика, како и тоа дека одредени постојни решенија од директивите оставаат простор за дополнителна интерпретација.

Во поглед на останатите прашања, останува важноста на националното т.е., општото договорно право, што од друга страна отвора други дилеми. Дали промените во Б2Ц треба да се рефлектираат на Б2Б, до кој степен, дали е тоа соодветно со оглед на комерцијалниот ефект и личното задоволување на потребите на потрошувачите. Во ова насока, различното уредување на овие сегменти исто така создава фрагментирано законодавство. Сите овие реални ситуации се во врска со постоењето на дивергентно законодавство во земјите-

членки, за чие нивелирање се заложува ЕУ. Конечно, земајќи ја предвид практиката на СПЕУ, ставовите на референти автори, направените економски истражувања, на став сме дека во практична смисла од имплементацијата на принципот на „целосна хармонизација“, а во поглед на заштитата на потрошувачките права, не треба да се очекува премногу. Од друга страна, свесни за состојбите во земјите-членки, и земјите со статус на кандидат, можеби реално е на обезбедувањето на правната сигурност и стабилност во европскиот пазар, преку „целосното хармонизирање“, да се гледа како на највисоко достигнување во заштита на правата на потрошувачите.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Andenas M., Theory and practice of harmonization, Institute of advance legal studies, University of London, 2008;

Brozaityte E., How to Shift from minimum to maximum harmonization reflected in the proposal for the Directive on consumer rights and its legally feasible and desirable? International and European Public law, European Union Law, Tilburg University, 2009-2010;

Gomez F., Ganuza J.J., An economic analysis of harmonization regime: Full harmonization, minimum harmonization or optional instrument? European Review of Contract law, Degruyter.com, 2011;

Loos Marco, B., Full harmonization as a regulatory concept and its consequences for national legal orders. The example of the consumer rights directive, Centar for the study of European contract law, Amsterdam. No. 2010/03;

Puglia M., The full harmonization directives, International conference, Budapest, 2015;

Smiths J.M., Full Harmonization of Consumer Law? A Critique of the Draft Directive on Consumer Rights, European Review of Private Law, Vol. 18, pp. 5-14, 2010;

Tudor J., Consumer protection and the free movement of goods in the European Union: The ability of member-states to block the entry of goods across borders, Houston Journal of International Law, Vol.39:3, 7/18/18;

Wagner G., The economics of Harmonization, The case of contract law, 39., 995., Common Market law review, HeinOnline, 2002;

Weatherill S., Maximum versus Minimum Harmonization: Choosing between Unity and Diversity in the Search for the Soul of the Internal Market, Oxford Scholarship Online, 2012;

ДИРЕКТИВИ НА ЕУ (оригинален назив):

Directive 2011/83/EU of the European Parliament and of the Council of 25 October 2011 on consumer rights, amending Council Directive 93/13/EEC and Directive 1999/44/EC of the European Parliament and of the Council and repealing Council Directive 85/577/EEC and Directive

97/7/EC of the European Parliament and of the Council, достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=celex:32011L0083**, [пристапено на 27 Мај 2018 година];**

Council Directive 85/374/EEC of 25 July 1985 on the approximation of the laws, regulations and administrative provisions of the Member States concerning liability for defective products, достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/en/ALL/?uri=CELEX:31985L0374, [пристапено на 28 Мај 2018 година];

Directive 2005/29/EC of the European Parliament and of the Council of 11 May 2005 concerning unfair business-to-consumer commercial practices in the internal market and amending Council Directive 84/450/EEC, Directives 97/7/EC, 98/27/EC and 2002/65/EC of the European Parliament and of the Council and Regulation (EC) No 2006/2004 of the European Parliament and of the Council ('Unfair Commercial Practices Directive'), достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=celex%3A32005L0029, [пристапено на 28 Мај 2018 година];

Directive 2008/122/EC of the European Parliament and of the Council of 14 January 2009 on the protection of consumers in respect of certain aspects of Timeshare, Long-term Holiday product, Resale and exchange contracts, достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/ALL/?uri=CELEX%3A32008L0122, [пристапено на 29 Мај 2018 година];

Directive 2008/48/EC of the European Parliament and of the Council of 23 April 2008 on credit agreements for consumers and repealing Council Directive 87/102/EEC, достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/en/ALL/?uri=CELEX%3A32008L0048, [пристапено на 1 Јуни 2018 година].